**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ПРАКТИЧНА НАСТАВА*

**IV ГОДИНА**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

### *Медицинска сестра*

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:ПРАКТИЧНА НАСТАВА**

**1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет**
1.2.1. Образовен профил: медицинска сестра
1.2.2. Струка: здравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Практична обука

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
1.5.1. Број на часови неделно: 11 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 363 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот **практична настава** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја познава организацијата и функционирањето на гинеколошко-акушерската, педијатриската дејност, невролошката, психијатриската служба и нивното значење;
- да воспоставува правилна комуникација и однос со децата и родителите; жените; невролошките и психијатриските болни;
- да воочува симптоми на одредени заболувања во детска возраст; гинеколошко-акушерски заболувања; невролошки и психијатриски заболувања;
- да планира и спроведува превентивни и куративни процедури кај: деца (вакцинација), жени, невропсихијатриски болни;
- да применува соодветни постапки во спроведување на специјална нега кај здраво и болно дете; кај гинеколошко-акушерски заболувања; невролошки и психијатриски болни;
- да применува хигиено-диететски и тераписки режим на здраво и болно дете; гинеколошко-акушерски пациентки; невропсихијатриски болни;
- да изведува основни медицински манипулации во состав на задачите на медицинска сестра на невролошки и психијатриски одделенија; гинеколошките, акушерските и хируршките одделенија; педијатриските одделенија;
- да препознава доносено и недоносено новороденче;
- да учествува во давање на совети за природна, вештачка и диетална исхрана;
- да спроведува нега на здраво новороденче, доенче и мало дете;
- да го следи психофизичкиот развој на здраво новороденче, доенче и мало дете;
- да применува соодветни постапки во ургентни состојби и да реагира на правилен начин;
- да применува социотераписки мерки за рехабилитација и ресоцијализација на психијатриски болни;
- да применува норми и одговорности на медицинска сестра при работата;
- да применува методи за превенција во областа на педијатријата, гинекологијата и акушерството;
- да администрира во детски диспанзер и диспанзер за жени;
- да ги применува мерките за хигено-техничка, против епидемиска заштита во домот и здравствената организација;

- да користи медицинска терминологија;
- да ги интегрира стекнатите знаења од другите наставни предмети;
- да ја разбира важноста на тимската работа и се прилагодува на члeновите во тимот.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија и хигиена со здравствено воспитување изучувани во I година; нега на болен, патологија, микробиологија и инфектологија со нега, практична настава изучувани во II година; интерна и педијатрија со нега, миробиологија и инфектологија со нега, хирургија со гинекологија и акушерство со нега, практична настава изучувани во III година, застапени во наставниот план за образовниот профил медицинска сестра, предмети карактеристични за образовниот профил.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

**Област**: Педијатрија со нега

| Тематски целини | Бр на ча-со-ви | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ИНСТИТУЦИИ ЗА ЗАШТИТА, НЕГА И ЛЕКУВАЊЕ НА ДЕЦА** | **4** | Ученикот:<br>- да ги познава институциите за заштита на децата и нивната функција;<br>-да ја познава организацио-ната поставеност на детскиот | - Организирање посета на соодветни институции за заштита на децата;<br>-објаснување на карактери-стиките и организационата поставеност на институциите; | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | диспанзер, болницата и нивното функционирање. | - насочување на дискусија по претходно подготвени прашања во врска со организационата поставеност на институциите и нивната функција. | |
| **2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА НОВОРОДЕНЧЕ, НЕДОНОСЕНО И СЛЕДЕЊЕ НА ПСИХОФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ** | **12** | - Да ги воочува анатомските и физиолошките карактеристики на новороденото;<br>- да разликува доносено, недоносено и недостасано новороденче;<br>- да применува:<br>• нега кај новороденче и недоносено соодветно на неговите потреби;<br>• постапки за асептична работа;<br>• постапки за спроведување на исхрана;<br>• постапки за одржување на телесна температура;<br>-да ги следи психичките и физичките манифестации соодветни за возраста. | - Објаснување на разлики кај доносено, недоносено и недостасано дете;<br>-демонстрирање на постапки за нега, исхрана;<br>- развивање на дискусија за психичките манифестации кај децата;<br>- распоредување на учениците според работни задачи;<br>- укажување на грешки во работа. | Интерна и педијатрија со нега<br>Хирургија и гинекологија и акушерство со нега |
| **3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ПРИ НЕГА НА ЗДРАВО И БОЛНО ДЕТЕ** | **14** | -Да ги идентификува:<br>• општите мерки за нега на здраво и болно дете;<br>• детската облека;<br>• стандардите за детска и | - Објаснување на општите мерки за нега;<br>- демонстрирање:<br>• на фантом: капење,повиткување, облекување и ме- | Педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | болничка соба и детските креветчиња;<br>- да спроведува секојдневна лична хигиена кај здраво и болно дете;<br>- да повиткува и облекува здраво и болно дете;<br>-да капе и негува;<br>- да применува техники при местење на болничка постела. | стење на болничко детско креветче;<br>• општи мерки за нега;<br>- организирање на работа на учениците по групи според работните задачи;<br>- дикусијање по претходно поставени прашања;<br>- подготвување на матријал за одредени медицински мани-пулации;<br>- укажување на грешки во работа;<br>-вреднување на индивидуалната работа на учениците. | |
| **4. СОВЕТИ ЗА ИСХРАНА НА ДОЕНЧЕ И МАЛО ДЕТЕ** | **11** | - Да советува за:<br>• значењето на природната исхрана кај детето;<br>• техниката на изведување на доење;<br>• начинот на воведување на немлечна исхрана нејзината важност и начинот на подготовка;<br>• потребата од правилна нега на градите пред и по доењето;<br>-да укажува на потребата од правилна нега на градите пред и по доењето | - Истакнување на:<br>• важноста на природната исхрана;<br>• стерилноста на садовите и приборот за исхрана;<br>• демонстрирање на:<br>• начинот на подготовка на кравјо и адаптирано млеко во домашни услови;<br>- објаснување на:<br>• начините на исхрана според календарот за исхрана;<br>• вештачката и дополните-лната исхрана;<br>• начин на подготовка на | Интерна и педијатрија со нега<br>Хирургија и гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да подготвува вештачка исхрана;<br>-да го опишува значењето на правилната исхрана. | кравјо и адаптирано млеко во домашни услови;<br>• дохранување на доенчето според возраста. | |
| **5. ВАКЦИНАЦИИ** | **12** | - Да прави разлика меѓу вакцините и начините на давање на вакцините;<br>- да администрира аплицирани вакцини;<br>- да применува начин на чување на одредена вакцина;<br>- да евидентира и пополнува здравствен картон, картон за имунизација. | - Дискутирање за важноста на вакцинацијата како превентивна мерка;<br>- демонстрирање:<br>• подготовка на материјал за сите вакцинации пропишани со закон;<br>• евидентирање во картонот за имунизација;<br>-објаснување на:<br>• начините на чување на вакцините и истакнување на важноста на правилното чување на вакцините;<br>• начини за давање на вакцини и туберкулински тестови, како и нивното читање;<br>- распоредување на учениците според работните задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците. | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.**<br>**ПРИЕМ НА БОЛНО ДЕТЕ И КАРАКТЕ-РИСТИКИ НА ДЕТСКИТЕ ОДДЕЛИ** | **9** | **-** Да применува административни постапки на одделот;<br>-да пополнува температурна листа;<br>- да изведува медицински манипулации;<br>- да ги користи мерките за спречување на интрахоспитални инфекции и превенција од болести;<br>- да користи средства за заштита и самозаштита. | - Демонстрирање на:<br>• администрирање на соодветни обрасци;<br>• медицински манипулации;<br>• спроведување на дезинфек-ција, стерилизација и мерки за самозаштита;<br>- наведување на карактеристики и разлики на детските оддели според возраста и болеста;<br>- распоредување на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците. | Интерна и педијатрија со нега |
| **7. НАБЉУДУВАЊЕ НА БОЛНО ДЕТЕ И КОНТРОЛА НА ИЗЛАЧЕВИНИ** | **9** | - Да опсервира и навремено ги препознава карактеристичните симптоми;<br>- да ракува со апарати за мерење витални знаци;<br>- да користи техники на мерење на виталните знаци;<br>- да евидентира витални знаци во температурна листа;<br>- да контролира витални знаци и навремено да евидентира;<br>- да забележува промени кај болно дете;<br>- да идентификува симптоми | - Демонстрирање на:<br>• начини на мерење на витал-ни знаци и телесни мерења;<br>• бележење на витални знаци и телесни мерења;<br>• начини на земање на излачевини;<br>- презентирање на температурна листа;<br>-подготвување на материјал за земање на излачевини;<br>- бележење во одредени обрасци;<br>-делење на учениците според | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | карактеристични за одредена болест и патолошки промени во излачевините;<br>- да ги следи излачевините;<br>- да ги регистрира излачеви-ните во температурна листа и во дневникот за работа;<br>- да применува техники за земање на излачевини. | работни задачи;<br>- вреднување индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата. | |
| **8.**<br>**НЕГА, ДИЈАГНОСТИЧКИ И ТЕРАПЕВТСКИ ПРОЦЕДУРИ НА ДЕТСКИ ЗАБОЛУВАЊА** | **18** | - Да применува процедури на нега кај болестите на респираторниот, кардиолошкиот, дигестивениот и хематопоетскиот систем;<br>-да подготвува соодветна диетална исхрана;<br>-да храни болно дете;<br>- да применува нега во состојби со покачена температура и при фебрилни конвулзии;<br>-да инхалира и дренира дете со респираторни заболувања;<br>- да ракува со системот за O2 Th. | - Поврзување на претходно стекнатите знаења преку дискусија со учениците;<br>- демонстрирање на одредени манипулации при одредени за-болувања (апарати за инха-лација, систем за оксигено-терапија, вибромасажер, мануелна дренажа);<br>-делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата. | Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9.**<br>**ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛЕЧНА КУЈНА И ПОДГОТОВКА НА МЛЕЧНА, НЕМЛЕЧНА И ДИЕТАЛНА ХРАНА** | **10** | - Да ја познава организацијата на работа на млечна кујна;<br>-да дезинфицира и стерилизира;<br>-да подготовува млечна немлечна и диетална храна во млечна кујна;<br>-да учествува во требување на храна и транспорт до одделението. | -Дискутирање за важноста на исхрана кај болно дете;<br>-демонстрирање и објаснување на:<br>• видови на исхрана кај болно дете;<br>• начини на подготовка на млечна и немлечна исхрана;<br>• начини на требување на храна;<br>-истакнување на важноста на садовите и приборот за исхрана и нивна стерилност;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата. | Интерна и педијатрија со нега |
| **10.**<br>**ПРЕВЕНТИВНА ПЕДИЈАТРИЈА И АДМИНИСТРА-ЦИЈА ВО ДЕТСКИ ДИСПАНЗЕР** | **4** | - Да опишува карактеристики на институции со превентивен карактер;<br>- да администрира во соодветни формулари и регистри;<br>- да мери телесни размери на детето: тежина, висина, должина;<br>- да дава совети за зачувување и унапредување на здравјето;<br>- -да внесува податоци. | -Укажување на:<br>- важноста на превентивната дејност и значењето на правилното администрирање;<br>- организирање на посета во институции од превентивен карактер. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11. ОПРЕМА НА НОВОРОДЕНЧЕ, ДОЕНЧЕ И МАЛО ДЕТЕ** | **5** | - Да облекува и повиткува доенче и мало дете. | - Демонстрирање на детската облека и нејзино одржување;<br>- демонстрирање на облекување и повиткување во реална ситуација. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |
| **12. НЕГА НА ДЕТЕ ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ** | **6** | - Да контактира со родителите на новороденчето;<br>- да евидентира хигиено-епидемиолошка состојба во домот;<br>- да советува за подобрување на животните услови во домот;<br>- да демонстрира нега на новороденче, доносено и недоносено и подготвување на храна во домашни услови. | - Организирање на посета со учениците во домот на ново-роденче;<br>- дискутирање со учениците во врска со хигиено-епидемиолошката состојба во домот на новороденото;<br>- дискутирање со вклучување на родителите во врска со негата и исхраната на новороденото, доенчето и малото дете;<br>- делење на учениците според работните задачи;<br>- демонстрирање на постапки за остварување на успешни контакти со родителите и стекнување на нивната доверба. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |
| **13. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО ИСХРАНА НА НОВОРОДЕНЧЕ, ДОЕНЧЕ И МАЛО ДЕТЕ** | **8** | -Да поврзува природна исхрана со влијанието врз растот и развојот на детето;<br>- да ја советува мајката за правилната техника на доење и да ја оспособува да врши контрола на подоите; | - Објаснување на важноста на природната исхрана;<br>- објаснување на правилната техника на доење;<br>- демонстрирање на календарот за исхрана;<br>- давање на домашна задача на | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да објаснува правилна нега на гради на мајка;<br>-да дава совети во врска со не-млечна исхрана и нејзино воведување;<br>-да подготовува вештачка исхрана и правилно одржување на садовите за исхрана;<br>- да советува во врска со немлечната исхрана и нејзино воведување. | учениците за изработка на календар за исхрана;<br>- симулирање на ситуација за давање совети за сите видови исхрана;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност на учениците. | |
| **14. ДЕТСТВО, ПОДЕЛБА И СЛЕДЕЊЕ НА ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ НА НОВОРОДЕНЧЕ** | **4** | -Да го контролира на физичкиот развој на детето;<br>- да изведува телесни мерења;<br>- да ги евидентира добиените резултати;<br>- да го следи растот и развојот на новороденчето;<br>-да воочува разлики во развојот на новороденчето. | - Објаснување:<br>• на важноста на правилно изведеното мерење;<br>• за поделбата на детството;<br>• на важноста за правилното пратење на растот и развојот;<br>- истакнување на важноста на правилно изведеното мерење. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |
| **15. ПЛАНИРАЊЕ НА ВАКЦИНИТЕ** | **6** | - Да го планира времето на вакцинирање;<br>- да пополнува картон за имунизација. | -Објаснување на техниката на планирањето на вакцини;<br>- контролирање на работата на учениците. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |

**Област:** Невропсихијатрија

| Тематски целини | Бр на ча-со-ви | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА НЕВРОЛОШКИ ОДДЕЛ** | **3** | **-**Да ја познава организацијата на работата, начинот на функционирање и специфичностите на невролош-ката клиника;<br>-да воочува одредени симптоми специфични за невролошките заболувања;<br>-да пополнува медицинска документација;<br>- да применува правилен контакт и однос со невролошки болен. | - Објаснување на рганизацијата и функционирањето на невролошкиот оддел и опременоста;<br>-организирање на посета на сите организациони единици;<br>-демонстрирање на:<br>• начин на воспоставување на контакт со болен;<br>• симптоми на болест во да-дена ситуација,<br>• административни постапки и правилен прием. | Невро-психијатрија со нега |
| **2. НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО ЛУМБОИШИЈАЛГИЈА** | **3** | -Да идентификува одредени карактеристични симптоми кај болеста;<br>-да подготвува соодветно легло и положба за болниот;<br>- да подготвува и аплицира терапија;<br>- да спроведува медицински манипулации по индикација на лекар, физикални тертмани (масажа, вежби) и соодветна | - Објаснување на:<br>• карактеристики на болеста и дискутирање со учениците;<br>• видови на физикални тре-тмани кај лумбоишијалгија и ракување со апарати;<br>- демонстрирање на:<br>• случај со симптоми на лу-мбоишијалгија;<br>• нега, подготовка на легло и положба на болен; | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нега и исхрана. | • подготовка и апликација на терапија;<br>- опишување на видови на физикални третмани кај лумбоишијалгија и ракување со апарати. | |
| **3. НЕГА НА ПАЦИЕНТ СО ПАРАПЛЕГИЈА** | **8** | - Да воочува пареза, парализа, параплегија;<br>- да подготвува материјал за индицирани медицински манипулации и да учествува во истите;<br>- да идентификува:<br>• одредени потешкотии кај болниот и типични симптоми за болеста;<br>• можни компликации: декубитус, контрактура, респираторни заболувања, уринарни инфекции.<br>-да спроведува катетеризација, клизма, терапија по индикации на лекар, физикални третмани и во соработка со физиотерапевт;<br>-да планира и спроведува соодветна исхрана и нега и мерки за превенција од компликации. | - Објаснување на симптомите на болеста;<br>- опишување на тежината на болеста;<br>- дискутирање со учениците;<br>- демонстрирање на:<br>• случаи со пареза, парализа, параплегија;<br>• постапки за нега, терапија, исхрана;<br>• масажа и превенција од декубитус, положби во легло, превенција од контрактури и пулмонални заболувања;<br>• апликација и испирање на катетер;<br>- подготвување на материјал за масажа и превенција од декубитус, апликација и испирање на катетер, превенција од контрактури и пулмонални заболувања;<br>- делење на учениците според | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | работни задачи. | |
| **4. НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО КВАДРИПЛЕГИЈА** | **5** | - Да применува принципи од општа нега за неподвижен болен;<br>- да планира и спроведува мерки за превенција од декубитус, контрактури, респираторни и уринарни инфекции, одредени физикални третмани и пропишана терапија;<br>-да подготвува материјал и да учествува во изведба на одредена манипулација, пропишана терапија;<br>-да подготвува и испраќа материјал за лабораториски испитувања и да администрира;<br>- да применува норми и вредности на однесување со тежок болен. | - Проценување на претходните занења на учениците преку дискусија во врска со симптомите на болеста;<br>- демонстрирање на:<br>• пациенти во реална ситу-ација;<br>• постапки за нега, исхрана и терапија;<br>• аспирација, O2 Th, исхрана преку назална сонда;<br>• примена на превентивни мерки за спречување на компликации; административни постапки: (водење на шок листа и испраќање материјал за ана-лиза);<br>- подготвување на материјал за аспирација, O2 Th, исхрана преку назална сонда;<br>-објаснување на административни постапки: водење на шок листа и испраќање материјал за анализа. | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. НЕГА НА ПАЦИЕНТ СО НЕВРОМУСКУЛНИ ЗАБОЛУВАЊА** | **3** | -Да идентификува:<br>• одредени симптоми специфични за невромускулни заболувања;<br>• холинергична и мијастенична криза и правилно да реагира;<br>• дополнителни компликации;<br>-да спроведува:<br>• општа и специјална нега;<br>• специфична исхрана;<br>• пропишана терапија, испраќа материјал за одредени лабораториски анализи;<br>• одредени физикални третмани (масажа, вежби) за превенција од атрофија и контрактури.<br>-да подготвува:<br>• материјал и да учествува во изведба на дијагностички тестови (местинонски и простигмински),<br>• болен, материјал и документација за плазмафореза. | - Демонстрирање на:<br>• случаи со мијастениа гравис, полимиозит, мускулна дистрофија;<br>• постапки за дијагностицирање на болестите;<br>• подготовка на материјал и болен за пропишани медицински манипулации (плазмафереза, дијагностички методи);<br>- изведување на правилна нега, исхрана и специфики;<br>-спроведување на физикални третмани ( масажа, вежби) за превенција од атрофија и контрактури;<br>- делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците. | Невро-психијатрија со нега |
| **6. НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА** | **8** | -Да ги идентификува болестите од оваа група и карактеристични симптоми;<br>- да препознава одредени нарушувања на свеста;<br>-да планира и спроведува | -Демонстрирање на:<br>• симптоми и разлики кај тромбоза, емболија и церебрална хеморагија;<br>• болен со различни нарушувања на свеста (сомноленција, | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | соодветна нега и исхрана, пропишана терапија од страна на лекар;<br>- да спроведува:<br>• административни постапки;<br>• материјал за одредени лабораториски анализи и микробиолошки испитувања;<br>• постапликативна нега;<br>• превентивни мерки од можни компликации;<br>• физикална терапија: масажа, вежби,солукс, електрофореза, електростимулација;<br>- да подготвува болен, материјал и да асистира во изведба на лумбална пункција;<br>- да применува принципи на специјална нега кај коматозен болен;<br>- да ракува со апарати за изведба на одредени интервенции;<br>- да планира превентивни мерки од можни компликации. | сопор, кома), хемиплегија, хемипареза и парализа на фацијален нерв;<br>• правилен начин на прием на итен случај;<br>• постапки за правилна нега и специфики во исхраната;<br>• разни медицински манипулации (давање на кислород, аспирација, грижа за болен со трахеостома);<br>• подготовка на болен, материјал и начин на асистирање при изведба на лумбална пункција;<br>• на апарати за аспирација, оксигенотерапија, пласирање назогастрична сонда, катетеризација;<br>- објаснување на:<br>• симптоми и разлики кај тромбоза, емболија и церебрална хеморагија;<br>• можни компликации и нивна превенција;<br>- делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање на индивидуалната оспособеност кај учениците. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.**<br>**НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО ЕПИЛЕПСИЈА** | **5** | -Да идентификува одредени продромални симптоми, епилептичен напад и статус епилептикус и да реагира соодветно;<br>- да спроведува адекватен хигиено-диететски режим, општа и специјална нега и да дава совети за правилно однесување;<br>- да подготвува и аплицира антиепилептична терапија;<br>- да укажува на важноста за точно и навремано примање на терапијата од страна на пациентот;<br>- да применува медицински манипулации административни постапки. | -Проценување на претходните знаења на учениците за епилепсија преку дискусија и повторување на материјалот;<br>- објаснување за начинот на препознавање одредени продромални симптоми;<br>-демонстрирање на:<br>• болен со епилепсија и статус епилептикус во реална ситуација;<br>• принципи и постапки кај епилептичен напад(нега, прва помош, терапија, оксигенација и аспирација);<br>• начин на земање крв за АЕД и администрирање;<br>• давање на совети на болни за спазување на одреден хигиено-диететски режим;<br>• температурна и тераписка листа, водење шок листа, пополнување на лабараториски листи и сл. | Невро-психијатрија со нега |
| **8.**<br>**НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО МУЛТУПНА СКЛЕРОЗА** | **5** | - Да идентификува специфични симптоми карактеристични за болеста;<br>-да спроведува специјален хигиено-диететски режим и општа и специјална нега; | - Демонстрирање на:<br>• реални случаи со мултипна склероза;<br>• постапки за нега, исхрана и спречување на компликации;<br>• апликација на специфична | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да применува:<br>• апликација на специфична терапија: кортико терапија, интерферонска, имуноглобулини и др.;<br>• правилен начин на чување на интерферонската терапија во фрижидер;<br>-да подготвува:<br>• материјал и да аплицира интерферони во одредена регија;<br>• материјал и да учествува во изведба на одредени медицински манипулации;<br>-да ракува со медицински апарати;<br>-да пополнува медицинска документација. | терапија;<br>• рехабилитациони третмани и подготовка на болен за разни иследувања;<br>• постапки за нега, исхрана и спречување на компликации;<br>- укажување на на важноста од правилно чување и администрирање на интерферонска терапија;<br>-организирање на учениците во работа;<br>-вреднување на индивидуалната оспособеност. | |
| **9. ПРИМЕНА НА ФИЗИКАЛНИ ТРЕТМАНИ КАЈ НЕВРОЛОШКИ ПАЦИЕНТ** | **5** | -Да ја воочува важноста од примената на физикални третмани кај невролошки болни;<br>-да подготвува болни и материјал за соодветен физикален третман;<br>-да спроведува:<br>• масажа, вежби за превенција од атрофија и контрактури;<br>• ултразвук, интерферентни, солукс ламба, електрофореза и др. под контрола на стручен наставник и физиотерапевт; | -Објаснување на:<br>• начинот на работа на одделот за физикална терапија;<br>• видови на физикална терапија;<br>• административни постапки;<br>- заведување во дневник;<br>- демонстрирање на:<br>ракување со апарати кај одредени физикални третмани;<br>• подготовка на материјал и пациент за изведба на физикална терапија; | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да применува пропишани правила во манипулирање со апарати за физикална терапија;<br>- да советува за вежби и масажа во домашни услови. | • масажа, вежби, солукс, интерферентни, ултразвук, електрофореза, галван и др.<br>• совети за пациенти за правилно однесување во домашни услови;<br>- укажување на важноста од правилно спроведување на физикална терапија. | |
| **10. ДИЈАГНОСТИЧКА НЕВРОЛОШКА ТЕХНИКА** | **5** | - Да препознава видови на дијагностички методи за поставување на точна дијагноза во неврологијата;<br>- да применува пропишани постапки за подготовка на болен за одредени иследувања и правилно да администрира;<br>- да подготвува материјал и да учествува со асистенција во изведба на одредени дијагностички методи ( ЕЕГ, ЕМГ, ЕП);<br>-да соработува со болниот и здравствениот персонал;<br>- да спроведува психичка и локална подготовка на глава и екстремитети на болниот. | -Организирање на посета на одделите за дијагностика;<br>-истакнување на важноста на дијагностичките методи и правилната подготовка на пациентот;<br>-демонстрирање на:<br>• психичка и физичка подготовка на болен за одредени иследувања;<br>• локална подготовка на глава и екстремитети за иследување;<br>• ракување со инструменти и апарати;<br>-планирње на работни задачи,<br>-вреднување на индивидуалната работа на учениците. | Невро-психијатрија со нега |
| **11. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПСИХИЈАТРИСКАТА** | | -Да ја воочи организацијата на хоспиталната психијатриска | -Објаснување на организацијата и | Невро-психијатрија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СЛУЖБА И СПЕЦИФИКИ ВО РАБОТАТА СО ПСИХИЈАТРИСКИ БОЛНИ** | **9** | служба и нејзиното функционирање;<br>-да применува правилен однос во контактот со психијатриски болен и средствата за заштита и самозаштита;<br>-да спроведува правилен прием на психијатриски болен: административен и санитарен;<br>-да открива карактеристични симптоми и однесувања при одредени заболувања;<br>-да селектира предмети кои пациентот смее да ги внесе на психијатриската клиника;<br>-да пополнува специфична медицинска документација. | функционирањето на психија-триската служба;<br>- поставување прашања и раз-вивање дискусија со учениците;<br>-организирање на посета на амбуланта, дневна болница, СОС. центар и одделенија;<br>-демонстрирање на:<br>• контакт и однос со психија-триски болен во амбуланта и оддел;<br>• средства за фиксација кај принуден прием на болен;<br>• административни процедури при прием на болен, санитарна обработка и проверка на предмети што се внесуваат на клиниката;<br>• потполнување, водење и чување на специфична меди-цинска документација;<br>- укажување на важноста од чување на професионална тајна. | со нега |
| **12. НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ ВО РАЗВОЕН ПЕРИОД** | **10** | -Да ја воочува организацијата на работа на адолесцентното одделение;<br>- да идентификува:<br>• симптоми специфични за болестите во развојниот | - Опишување на организација и функционирање на адолес-центно одделение;<br>-демонстрирање на :<br>• однос, грижа, нега и опсер-вација над болни во адолес- | Невро-психијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | период;<br>• адолесцентна криза и суици-дно однесување;<br>-да спроведува:<br>• принципи на општа и специјална нега кај психијатриски болен;<br>• опсервација на болен и да води опсервациски листи;<br>-да открива пореметувања на нагонот за исхрана;<br>-да применува мерки за превенција од суицид и да реагира во дадени ситуации;<br>-да користи техники на хранење;<br>-да ги вклучува пациентите во социотераписките мерки: работна, окупациона, рекреативна, групна терапија и тераписка заедница. | центен период;<br>• водење на опсервациони листи и укажува на нивната важност;<br>• разговор со пациенти на одделот и укажување на специфичните однесувања и растројства на психичките функции;<br>• вештини и техники на хранење и специфики во делење на терапија;<br>-организирање на:<br>• групи од ученици и овоз-можува учество на опсер-вациски состанок;<br>-вклучување на учениците во мотивацијата на пациентите за окупационо работна и рекре-ативна терапија;<br>-објаснување на:<br>• важноста од препознавање на одредени симптоми, адолесцентна криза, суицидално однесување, растројства во исхраната;<br>• постапки на персоналот во кризни ситуации, посочување мерки за превенција од суицид;<br>-планирање на работни задачи за учениците; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -коригирање и вреднување на работата на учениците. | |
| **13. УЛОГАТА НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ЗГРИЖУВАЊЕ , НЕГА И ТРЕТМАН НА ПСИХИЈАТРИСКИ ПАЦИЕНТ** | **15** | -Да препознава симптоми на одредени психијатриски заболувања: неврози, ПМД, шизофрени растројства, инволутивна меланхолија;<br>- да ја идентификува:<br>• важноста на 24-часовната опсервација на болниот и учество во тимска работа;<br>• тежината на психијатриските заболувања;<br>-да применува:<br>• правилен контакт за стекну-вање на доверба кај пациентот;<br>• принципи на општа и специја-лна нега;<br>• медицински манипулации по налог и административни постапки на одделението;<br>• мерки за спречување на интрахоспитални инфекции;<br>• мерки за спречување на суицид со постојана опсервација;<br>• одредени постапки во кризни состојби и реагира на правилен начин; | -Дискутирање со учениците за видовите на психијатриски заболувања, растројства на менталните функции и карактеристични симптоми;<br>-демонстрирање на:<br>• разговор со пациенти во реална ситуација;<br>• превентивни мерки против агресија и суицид;<br>• чување и делење на лековите;<br>• мотивација на пациентите за вклучување во работните активности на одделот;<br>• специфики во хранење и контрола над исхраната;<br>• температурна листа, историја на болеста и истакнување на нејзините карактеристики;<br>-објаснување на:<br>• начин на опсервација;<br>• важноста од спроведување на контрола при изведување на лична хигиена;<br>• мотивација на пациенти за вклучување во работните | Невро-психијатрија со нега<br><br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • средства за заштита и самозаштита;<br>-да подготвува пропишана терапија и пациенти за одржување на личната хигиена под контрола;<br>-да спроведува:<br>• пропишана терапија и исхрана на пациентите;<br>• мерење на виталните знаци и телесната тежина на пациентите;<br>-да открива пресуицидален синдром;<br>-да вклучува пациенти во окупационо-работна, рекреативна и групна терапија;<br>-да учествува во планирање на социотераписките мерки. | активности на одделот;<br>• мерење и специфики во мерење на виталните знаци и телесната тежина;<br>-организирање на учениците во мотивација на пациентите и учество во социотераписките мерки. | |
| **14. ЗАДАЧИ НА МЕДИЦИНСКАТА СЕСТРА ВО ТЕРПИЈАТА НА ПСИХИЈАТРИСКИ ПАЦИЕНТ И ПРИМЕНА НА СОЦИОТЕРАПИСКИ МЕРКИ** | **15** | -Да ги препознава видовите на терапии кои се применуваат кај психијатриски болни;<br>-да применува правилна апли-кација, дозирање и контрола на дадената терапија;<br>-да ги чува лековите под клуч;<br>-да применува принудна фиксација и апликација на лекови во дадена ситуација и површинска психотерапија; | -Објаснување на видови терапии кои се применуваат во модерната психијатрија;<br>-проценување на претходно стекнати знаења од фармако-терапија, развивајќи дискусија со учениците;<br>-демонстрирње на:<br>• примена на фармакотерапија и нејзини специфики во чување и делење; | Невро-психијатрија со нега<br>Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да подготвува болен, материјал, учествува во постапликативна нега кај ЕКГ- терапија;<br>-да манипулира со аспиратор, апарат за кислород и ЕКГ;<br>-да се прилагодува на соработка во тимска работа;<br>-да мотивира пациенти за окупационо - работна и рекреативна терапија;<br>-да подготвува пациенти и активно да учествува во групна психотерапија и тераписка заедница. | • подготовка на болен и материјал за електроконвулзивна терапија;<br>• -објаснување на:<br>• општи мерки за постапликативна нега;<br>• површинска психотерапија и правилен пристап со пациенти;<br>-организирање на вклучување на учениците и активно учество во работна, рекреативна, групна терапија, тераписка заедница;<br>- планирање на работни задачи за учениците,<br>-контролирање на индивидуалната оспособеност на учениците. | |

**Област:** Гинекологија и акушерство со нега

| **Тематски целини** | **Бр. на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **1. ХИГИЕНА НА ПОЛОВО ЖИВЕЕЊЕ** | **5** | -Да ја истакнува важноста за хигиена на половото живеење;<br>- да препознава симптоми при најчести сексуално преносливи болести (патолошки состојби). | - Проверување на претходните знаења;<br>-демонстрирање низ слики;<br>-оценување на целокупната практична активност. | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. КОНТРАЦЕПЦИЈА** | **9** | -Да ги идентификува контрацептивните средства и методи;<br>-да препознава апсолутни контраидикации за нивната употреба;<br>-да применува здравствено-просветна дејност на популацијата за правилна примена на контрацептивните средства, методи и нивна комбинација. | - Дискутирање за контра-цептивните средства и мето-ди;<br>-објаснување на правилната примена;<br>- организирање на:<br>• истражување за информи-раноста на учениците;<br>• мал проект за примена на практични знаења (прават анкета за користење на контрацептивни средства);<br>- демонстрирање на начин на употреба. | Гинекологија и акушерство |
| **3. СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ БОЛЕСТИ (СПБ)** | **6** | -Да воочува промени при СПБ: хламидија, ХПВ, ХИВ, колпитис;<br>-да препознава симптоми;<br>-да применува здравствено просветна дејност (заштита). | -Демонстрирање низ слики;<br>-задавање на проекти на ученикот;<br>-оценување на целокупната активност. | Гинекологија и акушерство |
| **4. КОЛПИТИС** | **6** | -Да препознава нормална вагинална флора и наод од микробиологија;<br>-да идентификува симптоми карактеристични при колпитис (трихомонијаза)<br>-да потполнува документација;<br>-да подготвува материјал и да | -Обезбедување на услови за реализација на темата (прием на амбуланта на ГАК);<br>-демонстрирање на:<br>• потполнување на потребната документација;<br>• потребен материјал за земање брис од вагина; | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | асистира при земање брис за микробиолошка анализа (брис од вагина);<br>-да спроведува здравствено просветна дејност. | - запознавање на учениците со темата;<br>-оценување на тековната работа на учениците. | |
| **5. КАРЦИНОМ НА ГРАДА** | **4** | - Да препознава промени на дојката;<br>-да укажува на неопходната контрола;<br>-да идентификува методи за физикален и самопреглед на дојка , мамографија, ултра звук, биопсија;<br>-да истакнува значење на здравствено-просветната дејност. | - Објаснување на:<br>• значењето на рано откривање на карцином на дојка;<br>• методи за физикален и само преглед на дојка<br>-демонстрирање;<br>-организирање на мал проект (каде учениците ги применуваат стекнатите знаења практично). | Гинекологија и акушерство |
| **6. РАНА ДИЈАГНОЗА НА КАРЦИНОМ НА МАТКАТА** | **15** | -Да асистира при преддијагностички методи, дијагностички методи за рано откривање на карцином на грлото на матката;<br>- да учествува при киретажа;<br>-да пополнува потребна документација;<br>- да подготвува материјал за интервенција;<br>-да препознава резултати (ПАП);<br>-да препознава наод при | - Проценување на претходните знаења на учениците за карцином на матката преку дискусија и повторување на материјалот;<br>- обезбедување на соодветни услови (амбуланта за колпоскопија на ГАК)<br>- демонстрирање:<br>• пополнување на документација; | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | преглед. | • потребен материјал за одделна манипулација;<br>• начин на асистирање;<br>• одредени продромални симптоми;<br>- запознавање на учениците со значењето на раното откривање на карцином на грлото на матката со постапки за дијагноза на карцином на матката;<br>- делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажува на грешки во работата. | |
| **7. БРЕМЕНОСТ-НОРМАЛНА И ПАТОЛОШКА** | **16** | -Да учествува во поставување дијагноза на бременост (НАП, ЦТГ);<br>- да препознава нормална бременост;<br>-да открива промени при бременоста;<br>- да учествува во одредување на веројатен термин на раѓање (ВТР);<br>-да учествува во контролата на нормална бременост; | - Овозможување на услови за реализација на темата;<br>- подготвување на наставен материјал;<br>-објаснување на:<br>• начините за дијагноза за бременост;<br>• бременоста (кабинетска настава);<br>• методи за дијагноза на бременост (биолошки , имунолошки тестови, | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -да препознава патолошки состојби;<br>-да насочува кон соодветна здравствена установа;<br>- да спроведува хигиено - диететски режим;<br>-да делува здравствено-просве-но. | ултрасоно-графија, ЦТГ);<br>- демонстрирање на преглед на трудница;<br>-проценување на состојба на трудница;<br>-делење на учениците според работни задачи;<br>-вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата. | |
| **8. КОНТРОЛА, СЛЕДЕЊЕ НА ТРУДНИЦА, ПСИХОФИЗИЧКА ПОДГОТОВКА** | **10** | - Да зема карлични мерки: мензурација, палпација, инспекција;<br>-да направи ЦТГ (кардиотоко-грам);<br>-да препознава нормална бременост;<br>-да учествува во планирање и контролирање на бременост;<br>- да спроведува хигиено-диететски режим;<br>-да учествува во психо-физичката подготовка на трудница за раѓање;<br>-да разликува нормално од пато-лошко ЦТГ;<br>-да учествува во одредување на нормален термин за раѓање. | - Овозможување на услови за реализација на темата (насочува, коригира и вред-нува индивидуалната каби-нетска настава, ГАК -сала за психофизичка подготовка);<br>- подготвување на наставен материјал (пелвиметар, сантиметар, стетоскоп);<br>-демонстрирање на мензурација (начин на земање карлични мерки, палпација, демонстрација на фатки;<br>-проценување на состојбата на трудницата;<br>- делење на учениците според работни задачи; | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците. | |
| **9. ПРИЕМ НА БОЛНА ВО БОЛНИЦА** | **5** | -Да прави тријажа на гинеколошки случај, итен, трудница со нормална бременост или со компликации;<br>-да пополнува потребна документација ;<br>-да прави санитарен прием;<br>-да ја следи пациентката до соодветното одделение. | - Обезбедување на услови за реализација на темата (прием на амбуланта на ГАК);<br>-запознавање на учениците со начинот на прием на болни и трудници;<br>-демонстрирање на пополнување на соодветна документација;<br>- практично проверување на стекнатите знаења;<br>- укажување на на важноста и улогата на сестрата при прием (правилна тријажа, оценување на итноста на случајот);<br>-оценување преку прашања и практична настава. | Гинекологија и акушерство |
| **10. КИРЕТАЖА-ЦЕЛ, ПОСТАПКА** | **10** | -Да подготвува документација и материјал за киретажа;<br>-да асистира при киретажа;<br>-да ја опсервира пациентката;<br>-да идентификува компликации;<br>-да советува за опасноста и да презема адекватни мерки: мери артериски крвен притисок, | -Обезбедување на услови за реализација на темата (кабинетска настава со демонстрација и сала за киретажи на ГАК);<br>-вклучување на ученикот при изведување на интер-венцијата (асистира во текот на киретажата); | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | следи објективни знаци, известува лекар. | - подготвување на комплет инструменти за истата;<br>-распремање на материјалот и подготвување за стерилизација;<br>-контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во рабо-та. | |
| **11. ПРИЕМ И ПОДГОТОВКА НА ТРУДНИЦА ЗА РАЃАЊЕ** | **10** | - Да учествува во прием на трудница;<br>-да води прв родилен период;<br>- да препознава тековни нормални збиднувања важни за понатамошниот тек и исходот на раѓањето;<br>- да идентификува промени во трет и четврт родилен период;<br>-да алармира во прав момент на крвавење и др. | -Обезбедување на соодветни услови за реализација (кабинет и родилна сала);<br>-работење со ученикот при пактичната активност за совладување на материјата;<br>-демонстрирање на одделни фази на фантом;<br>-стекнатите знаења од страна на ученикот и презентираните практични активности од наставникот се реализираат во родилна сала на ГАК. | Гинекологија и акушерство |
| **12. РАЃАЊЕ** | **18** | - Да учествува:<br>• при прием на трудница;<br>• во нега на новородено, нега на папче;<br>- да води прв родилен период;<br>- да идентификува: | -Обезбедување на услови за реализација на темата (кабинетска настава и родилна сала на ГАК);<br>-демонстрирање на фантом;<br>-теоретски и практично | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • тековни нормални збиднувања важни за понатамошниот тек и исход на раѓањето;<br>• физиолошки промени кај новороденче;<br>• нормално леунство (лохии, инволуција);<br>-да присуствува при водење на втор родилен период;<br>-да воочува промени во трет и четврт родилен период;<br>-да алармира во прав момент при патолошки промени;<br>-да разликува патолошко леунство: маститис, тромбофлебитис, резидуа. | објаснување за ЦТГ;<br>- делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата. | |
| **13. ПАТОЛОШКИ СОСТОЈБИ ВО ТЕКОТ НА БРЕМЕНОСТА И РАЃАЊЕТО** | **10** | - Да препознава патолошки со-стојби во текот на бременоста;<br>-да класифицира патолошки состојби според важноста;<br>-да применува совети, соодветен третман во врска со патологијата на бременоста;<br>- да препознава симптоми на раѓање: први прави родилни контракции, водењак, ЦТГ и негови отстапувања;<br>-да алармира при неправилности на контракции, патолошки | - Обезбедување на услови за одвивање на наставата (патолошка бременост, прием на амбуланта, ПИН, родилна сала, леунство на клиника за ГАК);<br>- демонстрирање на специфични случаи;<br>- вклучување на учениците: правење на ЦТГ и опис на наодот нормален или патолошки. | Гинекологија и акушерство |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | промени на ЦТГ, промени на боја на водењак. | | |
| **14. СТЕРИЛИТЕТ** | **8** | -Да ги познава методите за откривање на причините на стерилитет;<br>- да ја во потготвува пациентка за ХСГ, инсуфлација, базална температура. | -Обезбедување на услови за реализација на темата (одд.за стерилитет при ГАК и рендген институт);<br>-делење на учениците според работни задачи;<br>- контролирање и вреднување на индивидуалната оспособеност кај учениците;<br>- укажување на грешки во работата на учениците. | Гинекологија и акушерство |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно целите на наставната програма по **практична настава** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тендеми/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, правење проекти на дадена тема, изработување домашни задачи и друго.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет **практична настава** се реализира преку теоретска и практична настава во кабинет-училница и практична база на соодветна клиника и диспанзар каде што учениците се делат во групи. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД, преку организирање на работилници со содржини од областа на **практичната настава**.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, видеоленти и ЦД, слики, текстови и други наставни средства и помагала предвидени според нормативот за простор, опрема и наставни средства.

За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, дополнителна литература за наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно, практични знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **практична настава** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот **практична настава** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- висока медицинска школа;
- виша медицинска школа;

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

Наставата по наставниот предмет **практична настава** се реализира во кабинет-училница, опремена според нормативот за простор и опрема за здравствената струка за профилот медицинска сестра, како и соодветната клиника, диспанзер, дневна болница.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. д-р спец.Лидушка Василеска, раководител, советник, ЦСОО- Скопје
2. Николовска Лепа, наставник, СМУГ„Д-р. Панче Караѓозов"- Скопје
3. Паговска Душанка, наставник„ СМУГС"Д-р. Панче Караѓозов"-Скопје
4. д-р спец. Никола Баџаков, ПЗУ„Мала Богородица''-Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: септември 2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **практична настава** ја одобри (донесе) Министерство за образование и наука со решение бр. 07 - 4332 / 1 од 03. 06. 2008 година.